# „Изговори збор кој, доколку се измеша со морската вода, ќе ја измени!“

Од мајката на верниците, Аиша – Аллах нека е задоволен со неа – се пренесува дека рекла: Му реков на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем: „За Сафија ти е доволно (тоа) што е таква и таква...“ – еден од пренесувачите вели: „Со тоа мислела дека е ниска.“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Изговори збор кој, доколку се измеша со морската вода, ќе ја измени!“ Аиша продолжува: Еднаш имитирав некого, на што тој рече: „Не би сакал да имитирам човек – дури и да го добијам тоа и тоа.“
[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي وأحمد]

Мајката на верниците, Аиша – Аллах нека е задоволен со неа – му рече на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем: „Доволно ти е за Сафија...“ – мислејќи на нејзин телесен недостаток, односно дека е ниска. Тогаш тој ѝ рече: „Изговори збор кој, ако се помеша со морската вода, би ја надвладеал, изменил и расипал!“ Аиша потоа раскажува: Еднаш имитирав некој човек – со цел да го потценам, за што Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Не би сакал да зборувам за туѓ недостаток, ниту да имитирам некого со подбив – дури и да ми се даде големо овосветско богатство.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3705

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee